МАПАС

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

# И з в е ш т а ј
# за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2005 година

**Скопје, април 2006 година**

# Содржина

**I. Вовед**

**II. За Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**

**III. Реализирани активности во извештајниот период**

- Лиценцирање, основање и работа на друштвата за управување со пензиски фондови
- Донесени подзаконски и други акти
- Развој на деловните процеси на МАПАС
- Изградба на информатичкиот капацитет на МАПАС
- Активности за информирање и едукациј а на јавноста во врска со реформата на пензискиот систем (или задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување?)
- Развој на човечките ресурси на МАПАС
- Соработка на Агенцијата со институции и организации од земјата и странство

**IV. Состојби во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување**

**V. Проблеми со кои се соочуваше институцијата во 2005 година**

**VI. Препораки за иднина**

## *I. ВОВЕД*

Изминатата 2005 година за Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) беше особено предизвикувачка и динамична. Таа беше одбележана со успешното заокружување на активностите на тендерот за издавање дозволи за основање на друштва за управување со пензиски фондови и одобренија за управување со пензиски фонд, по што следеше доделувањето на дозволите за основање на друштва за управување со пензиски фондови на двете групи основачи - победнички на тендерот, како и самото основање на друштвата. По основањето на друштвата за управување со пензиски фондови, отпочнаа активностите на маркетинг и привлекување на потенцијалните членови во пензиските фондови, вклучувајќи го и развивањето на мрежата на агенти кои ќе го вршат зачленувањето на осигурениците во фондовите. За МАПАС тоа значеше прво поинтензивно практицирање на супервизорската функција во сферата на контрола на работата на друштвата во периодот на промоцијата. Задача на МАПАС беше информирање на граѓаните за карактеристиките на задолжителното капитално финансирано пензиско осиурување и за постапката за зачленување во вториот столб на пензискиот систем. Клучен за овие актвности беше периодот септември – декември 2005 година, во кој требаше да се изврши најголемиот дел од зачленувањето на осигурениците во приватните пензиски фондови. Во овој период МАПАС организираше и спроведе акција за широко информирање и едуцирање на јавноста за правата и обврските на осигурениците во процесот на донесување на одлука за влез во вториот столб на пензискиот систем.

Во текот на 2005 година МАПАС прерасна во институција која е подготвена да ја врши својата основна функција. Иако недоволно кадровски екипирана, МАПАС успешно го реализираше својот дел од задачите поврзани со отпочнувањто на функцијата на вториот пензиски столб. Од аспект на нејзината техничка и технолошка подготвеност, може да се каже дека МАПАС припаѓа на групата најсовремени институции во Република Македонија.

Од аспект на системот во целина, и оваа година беше особено активна, главно на полето на донесување на потребните подзаконски и други акти кои ја зајакнуваат капитално финансираната компонента на пензискиот систем и создаваат стабилна и добро регулирана средина.

## II. *За Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување*

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) е основана заради вршење супервизија на работењето на друштвата за управување со пензиски фондови и на пензиските фондови. Нејзина цел е заштита на интересите на членовите на пензиските фондови и поттикнување на развојот на капитално финансираното пензиско осигурување. МАПАС е регулаторно тело во капитално финансираното пензиско осигурување.

За својата работа МАПАС одговара пред Владата на Република Македонија. Министерството за труд и социјална политика врши надзор над законитоста на работењето на МАПАС, додека Заводот за државна ревизија на Република Македонија врши ревизија на нејзиното работење.

Органи на МАПАС се Управниот одбор и директорот.

Управниот одбор на МАПАС е составен од пет члена именувани од Владата на Република Македонија. Мандатот на членовите на Управниот одбор трае седум години. Членовите на Управниот одбор имаат право на повторно именување, а во нивниот прв мандат кој почна во месец декември 2002 година два члена беа именувани за период од три години, два члена за период од пет години и еден член за период од седум години.

Со оглед на тоа што 2005 година беше многу значајна од аспект на заокружувањето на регулативната рамка на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, Управниот одбор голем дел од својата работа посвети на донесувањето на подзаконските акти. Во текот на годината беа донесени најголемиот број подзаконски акти за воспоставување услови за нормално функционирање на вториот столб на пензискиот систем, и тоа 16 подзаконски акти и 17 одлуки.

II.2 *Организациона шема на МАПАС:*




Кадровската структура на МАПАС во 2005 година ја сочинуваа 8 редовно вработени и 8 договорно ангажирани лица. Инаку, согласно предвидената динамика на вработувања и Правилникот за систематизација во 2005 година беше предвидениo во МАПАС да работат 14 редовно вработени лица. Голем придонес за постигнување на добри резултати во работата на Агенцијата имаа и консултантите ангажирани преку Прокетот за јакнење на финансискиот сектор на УСАИД. Оваа соработка се одвиваше на дневна основа и помогна изградбата на капацитетот на оваа млада институција да се одвива во правец на создавање на добро обучен стручен тим.

# *III. Реализирани активности во извештајниот период*

## III.1 Лиценцирање, основање и работа на друштвата за управување со пензиски фондови

### III.1.1 *Тендер за издавање дозвола за основање на друштва за управување со пензиски фондови и одобренија за управување со пензиски фондови*

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, МАПАС организира и спроведува јавен тендер за избор на две друштва за управување со пензиски фондови. Тендерот беше објавен во јуни 2004 година, а тендерската постапка се одвиваше во две фази: фаза на претквалификација на понудувачи и фаза на избор на две понуди врз основа на понудени надоместоци што се наплатуваат од придонесите. Комисијата својот предлог за избор на два најповолни понудувачи го достави до директорот на МАПАС во текот на месец јануари 2005 година, додека Управниот одбор на МАПАС, врз основа на извештајот и предлогот на Комисијата и мислењето на директорот, ја донесе конечната одлука на почетокот на месец март 2005 година. Управниот одбор на МАПАС донесе одлука двете дозволи за основање на друштва за управување со пензиски фондови и одобренија за управување со пензиски фонд да ѝм бидат доделени на двете групи правни лица:

1. Нова Љубљанска банка ДД Љубљана, Република Словенија и Тутунска банка, АД Скопје, Република Македонија, и
2. Прва покојнинска дружба, ДД Љубљана, Република Словенија и Комерцијална банка АД Скопје, Република Македонија.

### III.1.2 *Пост-тендерски активности: основање на друштвата за управување со пензиски фондови*

На 4 април 2005 година беа доделени дозволите за основање на друштва за управување со пензиски фондови и условните одобренија за управување со пензиски фондови. По добивањето на дозволите, двете групации на основачи ја отпочнаа законската постапка за регистрирање на друштва за управување со пензиски фондови и, по нивното регистрирање во законски определниот рок, условните одобренија станаа полноважни. Така, групацијата Нова Љубљанска банка ДД Љубљана, Република Словенија и Тутунска банка АД Скопје, Република Македонија го осоноваше друштвото за управување со пензиски фондови НОВ пензиски фонд АД Скопје, а групацијата Прва покојнинска дружба ДД Љубљана, Република Словенија и Комерцијална банка АД Скопје, Република Македонија го основаше друштвото за управување со пензиски фондови КБ Прво друштво за управување со пензиски фондови АД Скопје.

III.1.3 *Почеток на работата на друштвата за управување со пензиски фондови*

Согласно законските овластувања, МАПАС го определи 10.06.2005 година како датум кога друштвата за управување со пензиски фондови можеа да отпочнат со активностите за управување со пензиски фондови, со работите на маркетингот, односно со сите активности поврзани со зачленувањето во вториот столб на пензискиот систем. Овие активности го вклучуваат промовирањето на карактеристиките на системот на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и, особено на друштвата за управување со пензиски фондови. Со тоа беа создадени услови за отпочнување со работа на двете друштва.

Како датум на кој друштвата можеа да отпочнат со зачленување на членови во пензиските фондови, беше утврден 20.09.2005 година. Од овој датум друштвата отпочнаа со склучувањето на договорите за членство, при што стандардизираната форма на договорот, заедно со поднесокот за негово евентуално раскинување, ја пропиша МАПАС.

III.1.4 *Развој на мрежа на агенти*

Во рамките на надлежностите на МАПАС спаѓа и организирањето испит за стекнување својство агент. За таа цел беше изготвена испитна програма, во која беа содржани најзначајните податоци и инфомации што секој иден агент треба да ги знае, како во врска со вкупниот пензиски ситем, така и во врска со вториот столб. Во рамките на испитната програма посебно внимание беше посветено на зачленувањето во пензиските фондови и на категориите на членство утврдени во зависност од возраста и работниот стаж на осигуреникот. МАПАС организираше и обука за претставници на двете друштва со цел тие да го пренесат своето знаење до индните кандидати за агенти. Испитот беше организиран во три испитни сесии: јули, август и септември. Вкупниот број пријавени кадидати за трите сесии изнесуваше 2664, од кои 2037 го полагаа испитот, додека истиот го положиа 1705 кандидати. Степенот на успешност за трите испитни сесии изнесуваше 83.7%. Во Регистарот на агенти што го води МАПАС беа регистрирани вкупно 1649 агенти.

III.1.5 *Контрола на маркетингот на друштвата за управување со пензиски фондови*

Во рамките на своите надлежности, МАПАС вршеше континуирана контрола на работите на маркетинг на друштвата за управување со пензиски фондови. Согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, МАПАС ги одобрува сите маркетинг материјали на друштвата пред нивното објавување, со што превентивно делува во правец на фер и објективно информирање на јавноста. Во текот на целиот период на зачленувањето во вториот столб МАПАС ги следеше друштвата и даваше забелешки и коментари на материјалите за маркетинг. МАПАС го следеше објавувањето и емитувањето на рекламниот материјал, интервјуата и изјавите на одговорните лица на друштвата, како и настаните што ги организираа друштвата за време на маркетиншката кампања. Беа издадени над 60 одобренија за употреба на маркетинг материјали, меѓу кои брошури, рекламни ливчиња, телевизиски и радио реклами, огласи во дневниот печат итн. Агенцијата издаде пет налози за запирање на маркетинг материјал за дадени интервјуа и изјави од страна на одговорните лица на друштвата, три налози за

запирање на неодобрени маркетинг материјали и едно решение за запирање на маркетинг материјал.

Од регистарот на агенти беа избришани 8 агенти поради вршење маркетинг во работни простории на пензиски оврзници (работодавачи) и поради давање неточни информации на осигуреници. МАПАС достави известувања до 850 обврзници, во кои беше укажано на законските одредби поврзани со маркетингот на пензиските фондови, потпишувањето на договори за членство и обврските на работодавачите. МАПАС достави вакви известувања и до филијалите на деловните соработници на друштвата, како и до сите работодавачи во чии работни простории беше утврдено вршење работи на маркетинг.

МАПАС изврши контрола во 73 филијали на деловните соработници на друштвата, во текот на која се проверуваше дали се почитуваат одредбите на Правилникот за начинот и постапката на маркетингот на пензиските фондови. При тоа беше проверувано дали во прсториите во кои се врши маркетингот се поставени огласни табли со пропишаните податоци, дали на потенцијалните членови ѝ м е ставен на увид статут на друштвото, каков е начинот на пополнување на договорите за членство и начинот и интервалите на доставување на договорите до друштвата. Контроли беа извршени во Скопје, Штип, Велес, Прилеп, Битола, Охрид, Струга, Ресен, Тетово, Гостивар и Кичево. За утврдените неправилности во 40 филијали, МАПАС донесе 4 решенија за отстранување на неправилностите.

Кон крајот на месец октомври МАПАС изврши контрола на договорите за членство склучени во периодот од 20.09.2005 година до 20.10.2005 година. При тоа не беа констатирани неправилности во пополнувањето на договорите за членство.

Со цел  заштита на интересите на членовите на пензиските фондови, МАПАС се обрати до осигурениците за кои беше оценето дека нивната одлука за зачленување во приватен пензиски фонд треба да се преиспита. Се работи за оние осигуреници кои склучиле договори за членство во вториот столб, а имаат над 15 години работен стаж или се на возраст над 50 години (мажи) и 45 години (жени). Целта на ова обраќање беше да се преиспита нивната информираност во врска со карактеристиките на реформираниот пензиски систем и подетално да им се објаснат факторите кои влијаат на одлуката за влез во новиот систем, особено очекуваната пензија пресметана со калкулаторот на МАПАС. Од овие обраќања произлегоа повеќе барања за раскинување на договори за членство поради неисплатливоста на членовите да преминат во системот со два столба, за што не биле соодветно информирани од страна на агентите на друштвата. За барањата на лицата, на кои повеќе им се исплати да останат во системот со еден столб според пресметките на МАПАС, беа донесени решенија за бришење од Регистарот на членови во вториот столб. Исто така, МАПАС отпочна постапка за бришење од Регистарот на агенти на оние агенти, кои склучиле договор со овие лица.

МАПАС постапуваше и по поплаки од членови на пензиските фондови  и преземаше соодветни мерки согласно констатираните неправилности.

МАПАС издаде 11 опомени до друштвата, од кои 2 за непочитување на законски предвидениот рок за отпочнување со работите на маркетинг и 3 за непочитување на законските одредби поврзани со работите на маркетинг на

друштвата. Две опомени беа издадени поради активности на друштвото поврзани со користење на неодобрени пресметки за идна пензија и една опомена пред покренување на постапка пред надлежен орган поради склучување на договори за членство без поднесок за раскинување од страна на агенти на друштвото. Две опомени беа издадени за употреба на неодобрен маркетинг материјал и една опомена за спречување на извршување на најавена контрола.

МАПАС поднесе едно барање за поведување на прекршочна постапка против агент и друштво поради користење неодобрени пресметки за идна пензија (непочитување на член 75 став (1) и (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, кој се однесува на забраната за давање на неточни или погрешни информации и информации за идните инвестициони резултати на пензиски фонд од страна на пензиските фондови и друштвата за управување со пензиски фондови, лицата поврзани со нив, агентите и вработените во друштвата).

### III.2 Донесени подзаконски и други акти

Во текот на извештајниот период стручната служба на МАПАС, со поддршка на повеќе странски и домашни експерти, работеше на изготвувањето на подзаконските акти што требаше да се донесат по завршувањето на јавниот тендер за доделување дозволи за основање на друштва за управување со пензиски фондови. Покрај овие акти, МАПАС работеше и на измени и дополнувања на дел од постојните акти заради нивно усогласување со практиката што произлегува од развојот на деловните процеси.

Подзаконски акти донесени во текот на 2005 година:

1. Правилник за начинот и постапката за вршење на набавки од мала вредност;
2. Правилник за индивидуални сметки;
3. Правилник за сметковен план, формата и содржината на основните финансиски извештаи и дополнителните извештаи на пензискиот фонд (поради значајни промени се носи нов правилник);
4. Правилник за содржината на одделните сметки во сметковниот план на пензиските фондови (поради суштински промени се носи нов правилник);
5. Правилник за начинот и постапката за распределба на осигуреници во пензиски фондови и за начинот и постапката за членство во пензиски фонд со Упатство;
6. Правилник за начинот на известување на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од страна на друштвата за управување со пензиски фондови со Техничко упатство;
7. Правилник за критериумите за рангирање на суб чуварите; и
8. Правилник за надоместоци (поради значајни промени се носи нов правилник).

Донесени беа и следните упатства и инструкции:

1. Инструкција за содржина на Статут на пензиски фонд;

2.Упатство за водење на сметководство и изготвување на финансиски извештаи на друштвата за управување со пензиски фондови;

3. Стручно упатство за постапување по поплаки;

4. Интерно упатство за вршење на контрола за маркетинг на друштвата за управување со пензиски фондови;

5. Инструкција за пренос на средствата од индивидуална сметка или подсметка на пензиски фонд во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија;

6. Инструкција за исплата на средства во случај на смрт на член на пензиски фонд кој нема членови на семејството кои имаат право на семејна пензија;

Во форма на нацрти и предлози, МАПАС ги изготви следните подзаконски акти:

1. Правилник за начин и постапка за избор на домашни брокерски куќи од страна на друштвата за управување со пензиски фондови;

2.Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за инвестирање на средствата на пензиските фондови;

3. Правилник за проценка на средствата на пензиските фондови (поради значајни промени се носи нов правилник);

4. Правилник за постапката за повлекување и укинување на одобрение за управување со пензиски фонд;

5. Упатство за непосредна контрола врз пензискиот фонд од страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување;

6. Правила за постапката за спроведување на јавен тендер по укинување на одобрението за управување со пензиски фонд;

7. Правилник за постапката за управување со пензискиот фонд по повлекување или укинување на одобрението за управување со пензиски фонд на друштвото за управување со пензиски фондови;

8. Правилник за префрлување на членовите на пензискиот фонд во случај на неуспешен јавен тендер по укинување на одобрението за управување со пензискиот фонд;

9. Правилник за начинот и рокот на враќањето на уплатените средства во пензискиот фонд од Буџетот на Република Македонија.

Во текот на 2005 година претставници на МАПАС учествуваа и во иницијативите за измени и дополни на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Како резултат на овие иницијативи, Собранието на Република Македонија донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (Службен весник на РМ бр. 113 од 23 декември 2005 година). Исто така, беше изготвен и пречистен текст на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (пречистен текст, „Службен весник на РМ" бр.11 од 27 јануари 2006 година).

### III.3 Развој на деловните процеси на МАПАС

Во текот на 2005 година МАПАС посвети особено внимание на унапредување на претходно дефинираните деловни процеси и на нивната имплементација. Главните деловни процеси на кои се работеше во текот на годината беа:

- Процес на контрола на издавање лиценци на агентите и развој на регистар на агенти
- Процес на зачленување во приватните пензиски фондови
- Процес на наплата на придонеси и нивна распределба во приватните пензиски фондови
- Процес на контрола на надоместоците што ќе ги наплатуваат друштвата за управување со пензиски фондови
- Процес на контрола на инвестициските активности и вреднувањето на средствата на пензиските фондови
- Процес на контрола на сметководството и финансиските извештаи на пензиските фондови и друштвата за управување со пензиски фондови
- Процес на контрола на преминот од еден во друг пензиски фонд
- Процес на контрола на исплатата на пензиите
- Статистичко и аналитичко известување

За да се постигнат активностите поврзани со деловните процеси, МАПАС во текот на целата 2005 година интензивно работеше со странски консултант на усовршување на дизајнот на секој од горенаведените деловни процеси за вонтеренска супервизија и на дефинирање на техничките (софтверските) спецификации за нивна поддршка. Истовремено беше извршено и ажурирање и финализирање на дизајнот на деловните процеси во согласност со законските промени и измените на подзаконските акти.

МАПАС работеше и на прецизирање на начините на комуникација со институциите вклучени во системот на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување преку прецизирање на начинот на нивното техничко вклучување во вкупните деловни процеси. Тоа, првенствено, се однесува на друштвата за управување со пензиски фондови, Фондот на ПИОМ и Народната банка на Република Македонија како чувар на имотот на пензиските фондови. Затоа, во текот на 2005 година продолжи соработката со Фондот на ПИОМ во сферата на усогласувањето на деловните процеси поврзани со зачленувањето во приватните пензиски фондови, распределбата на осигурениците, распределбата на придонесот и начинот на електронска комуникација меѓу двете институции во реформираниот пензиски систем. Исто така, во текот на 2005 година интензивно се

работеше на воспоставувањето основи за комуникација меѓу чуварот и МАПАС, како и меѓу чуварот и друштвата за управување со пензиските фондови.

МАПАС ги дефинираше видот, фреквенцијата и начинот на доставување на податоци и информации од различни извори (Фондот на ПИОМ, друштвата за управување со пензиски фондови, чуварот на имот, Македонската берза, Комисијата за хартии од вредност, други терминали и друго) што , се потребни за ефикасно реализирање на супервизорската функција.

По финализирањето на деловните процеси, се пристапи кон креирање и развој на софтверските решенија/модули за секој од деловните процеси. Нивниот развој беше овозможен преку соработката на тимот на МАПАС со тимот на софтверската компанија одбрана за реализација на оваа задача преку заемот на Светската банка за имплементација на социјалната заштита - СПИЛ.

По завршувањето на фазата на развој на секој од софтверските модули, се вршеше нивно тестирање во кое, по потреба, беа вклучувани и соодветните институции (друштвата за управување со пензиски фондови, Фондот на ПИОМ, итн). На тој начин беа развиени, тестирани и операционализирани модулите за поддршка на деловните процеси поврзани со агентите на друштвата и за контрола на зачленувањето во приватните пензиски фондови, кои беа од суштинско значење за почетокот на зачленувањето во реформираниот пензиски систем во месец септември 2005 година. Тие, исто така, претставуваа основа за имплементација на реформираниот систем и почетокот на уплатата на придонесите во приватните пензиски фондови во месец јануари 2006 година.

Во текот на 2005 година се работеше и на креирање на модулите за поддршка на останатите деловни процеси за вонтеренска супервизија: распределба на придонесот, премин од еден во друг пензиски фонд, надоместоци, контрола на сметководството, инвестирање на средствата на пензиските фондови и исплата на пензиите. На крајот на 2005 година поголемиот дел од овие модули беше завршен и се наоѓаше во фаза на тестирање или се работеше на негово финализирање.

## III.4 Изградба на информатичкиот капацитет на МАПАС

Со средства од заемот СПИЛ во текот на 2005 година МАПАС го започна своето опремување со неопходниот хардвер и софтвер. Две набавки се целосно реализирани, додека една е отпочната и ќе се финализира во 2006 година.

Со првата набавка МАПАС ја опреми својата компјутерска систем-сала, што претставува податочен центар во кој ќе бидат сместени компјутерските сервер машини и друг хардвер потребен за хостирање на информациониот систем за контрола на вториот пензиски столб. Се работи за придружна опрема која овозможува функција на центарот според релевантните домашни и меѓународни стандарди и правила за податочни центри, вклучувајќи заштита од пожар, провала, дејонизација, пад на електричен напон и одржување на константна температура и влажност во просторијата. Исто така, со набавката се обезбеди и кукиште за сместување на серверите, како и лиценци за софтвер за заштита на системот.

По пат на меѓународен тендер реализилиран преку СПИЛ, во конкуренција од 6 понудувачи од САД, Хрватска, Бугарија, Унгарија и Македонија, беше одбрана компанија за развој на најважниот дел од инфоматичкиот систем - софтверот за

вонтеренска супервизија на вториот пензиски столб. Реализацијата на проектот започна во месец јули и с† уште е во тек. Успешно е завршен поголемиот дел од проектот и целосно се имлементирани повеќето од деловните процеси.

На почетокот на месец декември преку СПИЛ беше објавен меѓународен тендер за прибирање понуди за набавка на хардверска опрема која ќе овозможи хостирање на апликативниот, оперативниот и податочниот дел од информатичкиот систем на МАПАС. Во опремата, покрај серверските машини, влегуваат и уреди за архивирање и заштита на податоците, лиценци за оперативниот систем и за системот за управување со бази на податоци, како и персонални компјутери за вработените во МАПАС. Прибирањето на понудите завршува во јануари 2006 година, по што ќе се пристапи кон евалуација на понудите и прогласување на најповолниот понудувач. Хардверот за МАПАС е проектиран и димензиониран да овозможи непречена и квалитетна работа на информациониот систем и успешен и непрекинат тек на деловните процеси. Кон крајот на 2005 година МАПАС достави барање/спецификација до Светската Банка за набавка на услуга за изнајмување на линија со Интернет конекција. Оваа набавка ќе овозможи соодветен пристап до системот на МАПАС од страна на инволвираните институции во вториот пензиски столб преку јавната Интернет мрежа преку врска со прецизно димензиониран капацитет кој ќе овозможи непречено одвивање на деловните процеси на МАПАС и контрола на пензиските друштва.

## III.5 Активности за информирање и едукација на јавноста во врска со реформата на пензискиот систем

Почнувајќи од втората половина на август 2005 година, МАПАС го интензивираше информирањето и едукацијата на јавноста во врска со реформата на пензискиот систем. Во недостиг на сопствени средства, најголемиот дел од информативната кампања на МАПАС беше финансиски поддржана од Проектот на УСАИД за јакнење на финансискиот сектор во Македонија. Во рамките на оваа своја функција, МАПАС реализираше неколку видови активности.

### III.5.1 *Активности поддржани од други институции*

Во соработка со Стопанската комора на Македонија беа организирани презентации за работодавачите од приватниот сектор во Скопје и во петте регионалните центри на Стопанската комора во Штип, Струмица, Тетово, Охрид и Битола со цел да се едуцираат одговорните лица од организационите единици за човечки ресурси, вработените во правните сектори и секторите за сметководство за натамошно информирање на нивните вработени.

Во Скопје беше извршена презентација за вработените во јавниот сектор (министерства и јавни институции). На презентацијата беа поканети одговорните лица од организационите единици за човечки ресурси, вработените во правните сектори и секторите за сметководство и финансии.

МАПАС, во соработка со ФПИОМ, изврши три обуки за претставниците на подрачните единици на Фондот на ПИОМ со цел тие да можат соодветно да ги

пренесат информациите за реформата до заинтересираните лица кои доаѓаат во Фондот.

Во текот на презентациите МАПАС вршеше дистрибуција на информативни листови, брошури и постери за информирање и едукација на вработените со цел истите да бидат искористени за информирање на осигурениците.

III.5.2 *Воспоставување на услуга на повикувачки (”кол”) центар*

Со поддршка на заемот СПИЛ од Светската банка, на 4 ноември 2005 година во функција беше ставена услугата на повикувачки центар со бесплатен телефонски број, на кој сите заинтересирани граѓани можеа да се јават и да се информираат за зачленувањето во вториот столб на пензискиот систем. Оваа активност беше раководена од МАПАС и претставуваше уште еден начин за остварување на контакт, информирање и едукација на јавноста. Повикувачкиот центар ќе функционира вкупно 6 месеци.

III.5.3 *Непосредно информирање во компании*

МАПАС оствари посета на 13 компании од Република Македонија кои побараа понепосредно информирање за пензиската реформа и за функционирањето на вториот столб на пензискиот систем. Во рамките на ваквата соработка, акцент беше ставен на најголемите работодавачи. Во рамките на посетата на компаниите беа извршени презентации за вработените во врска со карактеристиките на двостолбниот пензиски систем.

III.5.4 *Интернет и активности по пат на електронска пошта*

МАПАС изготви серија информативни листови на различни теми од обласа на реформата и, посебно, на вториот столб на пензискиот систем, кои беа објавени на Интернет или беа дистрибуирани по пат на електронска пошта до обврзниците и осигурениците. Тие имаа за цел да помогнат во процесот на донесување на одлуките за влез во вториот столб. Овие информативни листови им беа ставени на располагање и на медиумите.

Интернет страницата на МАПАС беше преуредена со цел да обезбеди врска до информативните листови и да овозможи полесен пристап до информациите за лицата на кои тоа им е потребно. Информативните листови ги опфатија следните содржини: Вовед во реформата; Кус преглед на карактеристиките на пензиската реформа; Споредба меѓу едностолбен и двостолбен пензиски систем; Друштва кои управуваат со пензиските фондови; Што треба да се знае кога се одбира пензиски фонд; Кои се правата на членот на приватен пензиски фонд; Дали двостолбниот пензиски систем е најдобра опција за осигуреникот; Улогата на супервизијата на пензиските фондови.

На Интернет страницата беше поставен и калкулаторот за пресметка на идната пензија, со кој, преку внесување на податоци за осигуреникот, може да се процени исплатливоста за премин во двостолбниот пензиски систем. Калкулаторот беше користен и во текот на различните презентации на МАПАС, како и во текот на саемот ФИНЕКСПО. Тој особено беше користен од страна на агентите на повикувачкиот центар кои беа задолжени да одговараат на прашањата на граѓаните

во врска со исплатливоста на преминот во вториот столб. Поставувањето на калкулаторот на веб страницата на МАПАС беше една од причините за нејзината посетеност во текот на 2005 година од страна на над 100,000 посетители.

III.5.5 *Соработка со медиумите*

МАПАС организираше и одржа семинар за новинари под наслов *Реформа на пензискиот систем во Република Македонија.* На семинарот беа присутни претставници од електронските и печатените медиуми, кои имаа можност поблиску да се запознаат со причините за реформата на пензискиот систем, структуратата и институциите на системот на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, начинот на неговото функционирање, зачленувањето на осигурениците во приватните пензиски фондови, како и придобивките за поединецот и системот кои произлегуваат од реформираниот пензиски систем.

МАПАС организираше 4 брифинг сесии со новинарите. Брифинзите беа организирани на начин кој, покрај презентации на претставници на МАПАС, обезбедуваше и дополнителен материјал за известување на новинарите. Овие брифинзи претставуваа продолжување на тренингот за новинари одржан во месец мај 2005 година во Струга.

Претставници на МАПАС беа гости на програмите на националните и регионалните електронски медиуми, а беа дадени и интервјуа за поголем број печатени медиуми од Републиката (Скопје, Битола, Струмица, Куманово, Прилеп).

Беа одржани и две конференции за печат.

III.5.6 *Платено огласување во дневниот печат*

Во периодот на зачленувањето во пензиските фондови, како дел од кампањата за информирање и едукација на јавноста на МАПАС, секоја недела беа објавувани огласи на различни теми од обласста на реформата, и тоа: кус преглед на реформата на пензискиот систем; категории на членови и рокови за зачленување во приватните пензиски фондови; осврт врз доброволното зачленување во вториот столб; права на членовите на приватните пензиски фондови и заштита на нивните средства; објава за повикувачкиот центар; објава за калкулаторот за проценка на пензијата која осигурениците би ја добивале од едностолбниот во споредба со двостолбниот пензиски систем.

Беше изработена и информативна брошура за двостолбниот систем, која беше дистрибуирана до 40.000 граѓани од земјата, како и информативни постери.

III.5.7 *Учество на ФИНЕКСПО*

МАПАС учествуваше на Четвртиот меѓународен саем на финансии, деловни можности и економски развој, ФИНЕКСПО 2005, што се одржа во периодот од 30 ноември до 1 декември 2005 година на Скопскиот саем. Во рамките на оваа саемска манифестација, МАПАС вршеше промоција на реформата на пензискиот систем преку непосреден контакт со учесниците и заинтересираните посетители на саемот.

## III.6 Учество на конференции и обука на стручниот кадар на МАПАС

Вработените во МАПАС имаа можност да го продолжат својот професионален тренинг преку учество во процесот на обуки и преку посета на конференции. Голем дел од обуките беа организирани со помош на проектите на УСАИД, како и преку користење на средства од заемот СПИЛ на Светската банка.

III.6.1*Обука во земјата*

Вработени од МАПАС имаа можност да поминат повеќе обуки во земјата. Обуката од областа на односите со јавност организирана од Лондонската школа за односи со јавноста ја помина лицето одговорно за односи со јавноста.

Семинарот организиран од Министерството за надворешни работи на Луксембург во соработка со Министерството за финасии на Република Македонија на тема поврзана со меѓународните финансиски пазари го посетија претставници на МАПАС.

Во организација на Институтот на Светската банка беше оржана обука со методот на далечинско учење на темите „Администрација на пензиите во Југоисточна Европа и Азија" и „Регулатива за сметководство и ревизија". На обуката присуствуваа повеќе вработени од МАПАС.

На почетокот на 2005 година проектот на УСАИД - ФСВЦ - организираше обука за МАПАС што ја извршија претставници од еден од приватните пензиски фондови и од Агенцијата за супервизија на пензиски фондови и осигурување на Хрватска. Со обуката беше овозможено пренесување на искуствата од областа на системот со два столба на приватниот сектор и на супервизијата на пензиските фондови од Хрватска.

Преставници од МАПАС учествуваа и на курсот за усогласување со европското законодавство од областа на управувањето со ризиците, што во текот на декември 2004 и февруари 2005 година беше организиран од страна на Министерството за финансии на Република Македонија и Европската агенција за реконструкција.

III.6.2 *Меѓународна конференција во Скопје*

Во организација на Проектот на УСАИД за јакнење на финансискиот сектор, во јуни 2005 година во Скопје се одржа Меѓународната конференција "Предизвици во водењето на пензиските реформи на Балканот", на која зедоа учество повеќе од 100 лица одговорни за стратешки прашања, администрирање и регулирање на пензиските системи од балканските земји. На конфренецијата активно учество имаа и претставниците на МАПАС.

III.6.3 *Обука во странство и учество на конференции*

Претставници на МАПАС учествуваа на коференцијата на тема *Развој на пензиските реформи: искуството на Бугарија и регионалните перспективи* што се

одржа во Софија, Република Бугарија. На конференцијата беше извршена презентација на пензиската реформа во Република Македонија.

Во Вашингтон, САД се одржа редовната конференција на тема *Договорно штедење* во организација на Светската банка, на која учествуваа двајца претставници од МАПАС.

Претставници на МАПАС беа на студиски престој во Варшава**,** Полска, организиран од страна на проектот на УСАИД – ФСВЦ. Тематски, престојот беше посветен на развојот на функцијата чувар на имотот на пензиските фондови.

Беше организирана и посета на ХАГЕНА, Загреб, Хрватска**,** организирана од страна на истиот проект на УСАИД, чија цел беше запознавање со секојдневната работа и искуствата на институциите кои се вклучени во системот на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување на Република Хрватска.

Претставници на МАПАС учествуваа во осумнеделната програма на тема *Управување со ризици кај пензиските и фондовите за здравствено осигурување* на Универзитетот Висконсин во Ла Крос, САД**.** Програмата вклучуваше теми во врска со финансиските пазари и институции во САД, корпоративните финансии, портфолио менаџментот и деривативните финансиски инструменти.

За обука на информатичкиот кадар на МАПАС беше овозможена посета на два семинара во Велика Британија од областа на базите на податоци, што овозможи стекнување на квалитетно предзнаење во делот на проектирање и администрирање на база на податоци за информациониот систем на МАПАС, како и за континуирана поддршка на деловните процеси.

Во Цавтат, Р.Хрватска, се одржа четвртата Меѓународна конференција во организација на ХАГЕНА на тема "Пензиски фондови, пазар на капитал и финансиско опкружување". На конференцијата учествуваа и претставници од МАПАС кои извршија презентација на актуелните состојби на пензиската реформа во Република Македонија.

Претставници на МАПАС учествуваа на Третиот меѓународен симпозиум "Значење и одговорност на актуарот во уредувањето на пазарот на осигурување" во организација на здруженито на актуарите на Србија, кој се одржа на Копаоник, Србија и Црна Гора. На оваа конференција претставниците на МАПАС извршија презентација на тема "Актуарски прокеции за пензиската реформа во Македонија".

## III.7 Меѓународна соработка

### III.7.1 *Соработка со институции од Република Албанија*

Албанската делегација составена од претставници на Инспекторатот на приватни пензиски фондови беше во студиска посета на МАПАС, во текот на која македонските домаќини ги пренесоа на албанските колеги своите искуства од воведувањето на вториот столб на пензискиот систем. За членовите на албанската делегација беа организирани и посети на Народната банка на Македонија како чувар

на средствата на пензиските фондови и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

III.7.2 *Соработка со институции од Република Хрватска*

На 11 ноември 2005 година во Скопје се одржа тркалезна маса на која присуствуваа претставници на Агенцијата за супервизија на пензиски фондови и осигурување - ХАГЕНА од Република Хрватска, претставници на МАПАС и на двете друштва за управување со пензиски фондови. Тема на тркалезната маса беше „Искуствата од имплементацијата на пензиската реформа во Република Хрватска". По завршувањето на тркалезната маса двете агенции потпишаа Меморандум за размена на информации и техничка соработка. На овој начин беше официјализирана досегашната успешна соработка меѓу двете агенции.

III.7.3 *Соработка со институции од Република Бугарија*

Во рамките на соработката со Комисијата за финансиски надозор на Република Бугарија, беше организирана посета на претставници на МАПАС, на Дирекцијата за супервизија на пензиски фондови на Бугарија. Кон крајот на годината, во организација на МАПАС, во Скопје се одржа средба на претставници на Асоцијацијата на друштвата за управување со пензиски фондови и на друштвото за управување со пензиски фондови Алианц од Република Бугарија, со претставници на друштвата за управување со пензиски фондови од Република Македонија. Целта на средбата беше презентација на искуствата на друштвата од Република Бугарија во почетокот на работата, како и предизвиците за иднината.

III.7.4 *Соработка со Република Србија и Црна Гора*

Во месец јуни 2005 година делагција од Република Србија и Црна Гора, составена од претставници на Народната банка, Комисијата за хартии од вредност, Актуарската единица при Министерството за финансии и претставници од проектот на УСАИД за пензиска реформа, ги посетија МАПАС, Фондот на ПИОМ и Чуварот на имот на пензиските фондови од Република Македонија. Целта на посетата беше пренесување на македонското искуство за почетоците на пензиската реформа, структурата на системот на пензиското и инвалидското осигурување и институциите кои се вклучени во реформата на пензискиот систем.

## *IV.* ***Состојби во капитално финансираното пензиско осигурување***

Во 2000 година поставени се основите на вкупниот пензиски систем како тростолбен пензиски систем кој е дел од социјалното осигурување. Првиот столб го претставува осигурувањето врз основа на генерациска солидарност. Вториот столб претставува задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Третиот столб ќе претставува доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

Пензискиот систем на Република Македонија е уреден со Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Сл. Весник на РМ бр. 80/93, 3/94, 14/95, 32/96, 24/00, 96/00, 5/01, 50/01, 85/03, 40/04, 5/05 и 101/05), Законот за задожлително

капитално финансирано пензиско осигурување (Сл. весник на РМ бр. 29/02, 85/03, 40/04 и 113/05) и подзаконските акти кои ја доразработуваат соодветната област.

Надлежни институции за предлагање на законски и донесување на подзаконски акти се Министерството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување. Министерството за труд и социјална политика е креатор на пензиската политика, Фондот на ПИОМ врши спроведување на пензиското и инвалидското осигурување, вклучително и наплата на придонесите за двата столба и нивна распределба меѓу првиот и вториот столб, додека Агенцијата врши супервизија на работењето на друштвата и пензиските фондови, како и заштита на интересите на членовите. Во првите пет години од функционирањето на системот значајна улога во вториот столб има и Народната банка на Република Македонија како чувар на средствата на пензиските фондови.

Во рамките на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување доделени се дозволи на две друштва за управување со пензиски фондови, кои управуваат со по еден пензиски фонд и имаат одобренија за управување со пензиски фонд за период од 10 години. Тоа се АД за управување со пензиски фондови НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД Скопје, кое управува со НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД – Отворен пензиски фонд и КБ Прво друштво за управување со пензиски фондови АД Скопје кое управува со КБ Прв отворен пензиски фонд – Скопје. Основачи на НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД АД Скопје се Нова Љубљанска банка ДД Љубљана, Република Словенија, која учествува со 51% во капиталот на друштвото и Тутунска банка АД Скопје, Република Македонија, која учествува со 49%. Основачкиот капитал на друштвото изнесува 1.5 милиони евра. Основачи на КБ Прво друштво за управување со пензиски фондови АД Скопје се Прва покојнинска дружба ДД Љубљана, Република Словенија, која учествува со 51% во капиталот на друштвото и Комерцијална банка АД Скопје, Република Македонија, која учествува со 49% во капиталот. Основачкиот капитал на друштвото изнесува 1.5 милиони евра.

Во месец јуни 2005 година друштвата за управување со пензиски фондови започнаа со активностите за управување со пензиски фондови преку почетокот на работите на маркетингот. Во месец септември друштвата започнаа со склучувањето на договори за членство. Според законот, сите осигуреници вработени за прв пат по 1 јануари 2003 година се задолжителни членови на двостолбниот систем, додека осигурениците вработени за прв пат пред 1.1.2003 година имаат право на доброволен избор за влез во двостолбниот систем. На 31 декември 2005 година заврши зачленувањето на доброволните членови, додека процесот на зачленување на задолжителни членови продолжува да се одвива согласно законските рокови за избор на пензиски фонд и зачленување. По исклучок, доброволните членови кои во текот на периодот за избор на пензиски фонд (20.09.2005 г. до 31.12.2005 г.) не работеле, можат да потпишат договор за членство по нивното повторно вработување. Задолжителните членови кои не потпишале договор за членство во текот на периодот на избор на пензиски фонд, по истекот на тој рок остануваат членови на пензискиот фонд во кој биле распределени од страна на МАПАС според методата на случаен избор.

Со оглед на фактот што во почетниот период на зачленувањето беше вршено дневно уточнување на евиденцијата за членови од страна на МАПАС, друштвата и Фондот на ПИОМ, статистичките податоци за членството се однесуваат на состојбата на 31 март 2006 година. Покрај членовите кои потпишале договор за членство, вклучени се и осигурениците кои од страна на МАПАС се времено или трајно распределени во еден од пензиските фондови

| Пензиски фонд | Доброволни | Задолжителни | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Со договор | Распределени | Вкупно | |
| НПФ | 25.772 | 16.460 | 7.466 | 23.926 | 49.698 |
| КБ Прв | 31.484 | 17.959 | 6.702 | 24.661 | 56.145 |
| **ВКУПНО** | **57.256** | **34.419** | **14.168** | **48.587** | **105.843** |

Вкупниот број на членови кои се зачленија во пензиските фондови заклучно со 31 март 2006 година изнесува 105.843. Од нив 57.256 или 54% се доброволни членови, додека 48.587 или 46% се задолжителни членови. Од задолжителните членови 34.419 члена потпишале договор за членство, додека 14.168 членови немаат потпишано договор и се распределени од страна на МАПАС.

Процесот на зачленување се одвиваше постепено. Во следната табела е прикажан преглед на потпишувањето на договори по месеци.

| | НПФ | | КБ ПРВ | | Вкупно | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | доброволни | задолжителни | доброволни | задолжителни | доброволни | задолжителни | |
| до 30.09.2005г. | 2872 | 2412 | 3884 | 2353 | 6756 | 4765 | 11521 |
| до 31.10.2005 Г. | 9052 | 7032 | 10651 | 6472 | 19703 | 13504 | 33207 |
| до 30.11.2005 г. | 13774 | 9977 | 16316 | 9357 | 30090 | 19334 | 49424 |
| до 31.12.2005 г. | 25786 | 15862 | 31616 | 15849 | 57402 | 31711 | 89113 |
| ВКУПНО | 41648 | | 47465 | | 89113 | | |

Старосната структура на членовите на двостолбниот пензиски систем е прикажана во следната табела.

| Возраст | Задолжителни | Доброволни | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **ДО 20 ГОДИНИ** | **3.197** | **40** | **3.237** |
| **ОД 21 ДО 25 ГОДИНИ** | **18.598** | **4.947** | **23.545** |
| **ОД 26 ДО 30 ГОДИНИ** | **16.109** | **18.512** | **34.621** |
| **ОД 31 ДО 35 ГОДИНИ** | **6.609** | **20.808** | **27.417** |
| **ОД 36 ДО 40 ГОДИНИ** | **2.706** | **9.768** | **12.474** |
| **ОД 41 ДО 45 ГОДИНИ** | **1.029** | **2.662** | **3.691** |
| **46 И ПОВЕЌЕ** | **351** | **525** | **876** |
| **ВКУПНО** | **48.599** | **57.262** | **105.861** |

Анализата на возрасната структура на членовите покажува дека околу 90.000 членови се млади лица, на возраст до 35 години, додека околу 15.000 членови се над таа возраст.

Со оглед на тоа што една од основните задачи на МАПАС е заштита на интересите на членовите на пензиските фондови, беше извршена анализа на возраста и претходниот стаж на осигурениците кои потпишале договори за членство. При тоа, посебно внимание беше посветено на осигурениците за кои се смета дека не е поволно зачленување во вториот столб поради нивната возраст (над 45 години за жени и над 50 години за мажи) или поради долгиот работен стаж (над 15 години). Беше утврдено дека 1970 членови спаѓаат во една од овие категории, што претставува 1.9% од вкупно регистрираните членови. МАПАС пристапи кон проверка на зачленувањето на овие лица со цел поединечно да им укаже дека нивното зачленување во вториот столб е неповолно за нивните идни пензии. МАПАС телефонски или писмено стапи во поединечен контакт со овие лица за да провери дали во текот на зачленувањето тие биле доволно информирани за членството во вториот столб, при што им беше потенцирано дека предвид треба да се имаат факторите кои најмногу влијаат на одлуката, особено очекуваната пензија пресметана со калкулаторот на МАПАС. На овие осигуреници им беше појаснувано дека обраќањето на МАПАС не значи дека тие треба да го раскинат договорот, но доколку сметаат дека ја донеле одлуката без потребните информации, ќе можат да поднесат барање за раскинување на договорот за членство до друштвото и до МАПАС. Врз основа на овие контакти, барања за раскинување на договорите поднесоа 237 членови. Раскинати се 122 договори, додека за останатите постапката е во тек.

## V. *Проблеми со кои се соочуваше институцијата во 2005 година*

1. Основен проблем на МАПАС од самиот почеток на нејзиното основање и фунционирање е недоволната кадровска екипираност.

Треба да се има во предвид дека супервизијата на пензиските фондови претставува сосема нова стручна дисциплина во Република Македонија, што , беше доверена на една млада институција, чиј капацитет требаше во голема мерка да биде изграден пред стартот на двосолбниот пензиски систем. Во оваа насока, беше планирано постапно вработување на неопходните кадри, паралелно со воведувањето на соодветните деловни процеси од областа на супервизијата. За секое работно место е планирана адекватна обука со цел, почетокот на примената на реформираниот пезиски систем да биде следен со потребен кадровски капацитет. За жал, планираната динамика на вработувања не беше реализирана, а поради тоа, не е заокружен ни процесот на едукација на вработените. Имено, според процедурите на единствениот извор за финансирање на обуките – проектот на Светската банка СПИЛ, договорно ангажираните лица (поголемиот дел од кадарот на МАПАС) не можат да бидат вклучени во тренинг програмите. Поради тоа МАПАС го губи времето предвидено за изградба на капацитетот, додека договорно вработените лица губат интерес за продолжување на нивниот работен ангажман во МАПАС. Заради специфичноста на функцијата на МАПАС, секој одлив на кадри е мошне ризичен.

2. Релативно малиот обем на кампања за информирање и едукација на јавноста, организирана од страна на Министерство за труд и социјална политика како носител на реформата на пензискиот систем, предизвика во процесот на зачленување во вториот столб граѓаните, главно, да се потпрат на информациите пласирани низ кампањата на приватниот сектор (друштвата за управување со пензиски фондови). Имајќи ја во предвид законската обврска за јакнење на свеста на јавноста, МАПАС, со својата скромна камапања финансирана од страна на Проектот на УСАИД за јакнење на финансискиот сектор во Македонија, направи максимални напори да ја презентира реформата пред јавноста. Со оваа кампања која се одвиваше во последните неколку месеци, за време на најбројното зачленување, не можеше да се постигне соодветно, односно неопходното информирање на граѓаните за правата и обврските од зачленувањето во реформираниот пензиски систем наспроти потребата и планираната медиумска активност.

3. Проектот за јакнење на финансискиот сектор во Македонија на УСАИД обезбеди средства за координација на институциите на пензиската реформа за периодот октомври 2003 - ноември 2005 година преку Министерството за труд и социјална политика. Коориднацијата се покажа како особено ефикасен метод за обезбедување висок степен на усогласеност на институциите - учеснички во реформата на пензискиот систем, взаемна информираност и реализација на заеднички планираните чекори, што многу придонесе за успехот на нејзината имплементација. За жал, со затварањето на овој проект на УСАИД, прекина и координацијата меѓу институциите во најчувствителниот период на реформата, особено во последните месеци на интензивни подготовки за имплементација на реформата на пензискиот систем.

4. Задоцнетата набавка на софтверот и хардверот на МАПАС преку заемот СПИЛ предизвика вондредни и дополнителни трошоци за МАПАС, стеснување на роковите за имплементација и барање на алтернативни решенија. МАПАС успеа да се соочи со предизвиците на алтернативите, но тоа предизвика големи пореметувања на планот за работа, како и усложнување на работните процедури. Сличен е и проблемот со останатите набавки од СПИЛ, кои често пати се одвиваат бавно или се реализираат надвор од планираниот обем на услуги, времетраење на услугата или бројот на потребните консултанти.

## VI.Заклучни констатации

Во 2005 година МАПАС успешно работеше и ги заврши најважните работи за имплементација на двостолбниот пензиски ситем. Во 2005 година заврши тендерот за добивање дозволи за основање на друштва за управување со пензиски фондови, се основаа две пензиски друштва, се издадоа две дозволи за управување со пензиски фондови, се поднесоа законски акти и се донесоа најголемиот дел од подазконските акти заради заокружување на имплементацијата на Законот.

Со цел и во иднина успешно да ја извршува својата со Закон доверена функција, МАПАС има потреба од поголема поддршка и ангажираност од ресорното министерство - Министерство за труд и социјална политика и од Министерството за финансии и тоа во неколку сегменти:

- Кадровско доекипирање на институцијата со соодветен стручен кадар во 2006 година, кое е условено со добивање на согласност од Министерството за финансии;
- Продолжување на координацијата на активностите во областа на реформата преку Советот за имплементација на реформата на пензискиот систем;
- Обезбедување средства за натамошна едукација и информирање на јавноста за двостолбниот пензиски систем, што претставува законска обврска на МАПАС.
- Измена на законската регулатива во смисла на осамостојување на МАПАС како вистински регулаторен орган, независен од извршната власт, сосгласно слични тела во Република Македонија.

* *
*

Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 20.04.2006 година го усвои Извештајот за работењето на Агенцијата за 2005 година.

Бр. 01-542/3
05.05.2006 година
С к о п ј е

| | |
|---|---|
| Директор , | Претседател на Управниот одбор, |
| Зорица Апостолска, с.р. | д-р Ана Павловска Данева, с.р. |

Прилог 1.

Членови на Управниот одбор на МАПАС:

1. д-р Ана Павловска Данева, претседател
2. м-р Доне Николовски, потпретседател
3. Александар Генчов
4. Раим Бајрами
5. д-р Ванчо Узунов

Директор на МАПАС: Зорица Апостолска

Заменик директор на МАПАС: м-р Олга Михајлова-Тикваровска

Раководител на Правен сектор: Татјана Стефановска

Раководител на Сектор за истражување: Билјана Петроска

Раководител на Сектор за административно-финансиски работи и ИТ: Анастасија Трајковска